Култура 26. ЈУНИ 2018 - 12:42

# Изложбата „Фемина 8-4“ се отвора утре во КИЦ

Ми се допаѓа 0 Сподели Tweet G+

**Друштвото на ликовни уметници на Македонија во рамките на програмата на Скопско културно лето и во соработка со Културно Информативниот Центар КИЦ од Скопје имаат чест да ве поканат на отварањето на изложбата „Фемина 8-4“ која што ќе се одржи на 27 јуни (среда) 2018 година во Салонот Империјал I во Културно Информативниот Центар КИЦ во Скопје со почеток во 20:30 часот.**




„Фемина 8-4“ претставува омаж на творештвото на македонската сликарка Ана Темкова која е препознатлива по својот интимистички сликарски израз со детали на архитектонски примери од македонски куќи, портрети, ликовни записи пропратени со мртва природа, цвеќе, огледала, ентериери и сл. „Фемина 8-4“ создаде нови дела како реинтерпретација на едно дело на Ана Темкова со наслов „Ентериери и огледало“ насликано во техниката масло на платно, изработено во далечната 1979 год. Објективизација и реинтерпретација на едно ликовно дело е пристап кој се применува во сите временски декади. Многу ликовми уметници од историјата на уметноста во своето творештво се инспирирале од дела на други ликовни уметници. Тоа е еден концепт кој „возобновува“ многу интересен сликарски систем создавајќи сосема нов и современ ликовен потпис. На изложбата учествуваат:

1. **Ана Темкова / гостин**
2. **Јана Манева Чупоска (Куратор)**
3. **Жанета Гелевска Велјановска**
4. **Симонида Филиповска Китановска**
5. **Касиопеја Наумовска**
6. **Жаклина Глигориевска Кочоска**
7. **Емилија Божиновска**
8. **Шќипе Мехмети**

9. **Дита Старова Ќерими**
10. **Ана Ивановска**
11. **Јана Јакимовска**
12. **Маша Гала (Словенија)**
13. **Андреа Ержен (Словенија)**
14. **Маруша Стибел (Словенија)**
15. **Гајатри Хорват (Хрватска)**

За сите љубители на уметноста изложбата ќе биде отворена до 10.07.2018 година.